| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и дурги популарни танци во дводелен, троделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет). | Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците ја слушаат приказната: „Приказна за светот“, Додека ја слушаат приказната наставникот им покажува и слики од „Деца од светот во различна облека“ и Различни живеалишта“. Се води разговор по содржината на приказната:<br>➢ Кои јазици се зборуваат во светот?<br>➢ Кои народи живеат во светот?<br>➢ Кој е заеднички дом на сите луѓе кои живеат во светот?<br>➢ Како се облекуваат луѓето во светот?<br>➢ Каква име е бојата на кожата на луѓето во светот?<br>Од приказната што ја слушавме можеме да заклучиме дека сите места кои ги посетивме се наоѓаат на планетата Земја и заедно се викаат Свет. И ние сме дел од тој Свет. Во светот се зборуваат различни јазици, луѓето различно се облекуваат, различно готват и различно се хранат, различно пеат и различно танцуваат. Секој народ на земјата има своја култура и таа различност го прави светот поубав.<br>Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се запознаваат со содржината на песната „Деца од целиот свет“. Наставникот презентира видеоснимки/ аудиоснимки од музичката игра:<br>https://youtu.be/5de3aZhJ4hc - Поточиња: Деца од целиот свет.<br>Учениците учествуваат во музичката игра со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците изработуваат сеченки со деца во различни бои. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Што ни порачува песната? Како се чувствувавте додека ја слушавте песната? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за | - уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор);<br>- работни листови<br>- ножичи<br>- лепак<br>- прибор за боење<br> | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |

**Приказна за светот**

Си беше едно девојче и едно момче. Еден ден девојчето и момчето решија да патуваат низ светот. Гледаа нови места и запознаваа нови народи. И секогаш од нешто се изненадуваа.

Прво отидоа на места каде што беше многу студено. Се изненадија. „Зарем овде може да живеат луѓе?”, праша момчето. Но да, таму си живееја луѓето што се викаа Ескими. Живееја во куќи кои се викаа игло и се бакнуваа со носевите. Смешно е, знам. Но, тие така си ги затоплуваат носевите на тоа ладно време таму.

Отидоа и на места каде што беше многу жешко. Таму луѓето и кога беа облечени изгледаа исто како да се на плажа. А и кожата им беше потемна.

Потоа заминаа на друго место. Таму луѓето имаа коси очи, јадеа со стапчиња, а кожата им беше жолта.

Отидоа и на многу други места. Запознаа многу народи и научија многу јазици. Некаде повеќе се пееше, а некаде повеќе се танцуваше. Некаде луѓето си живееја во куќи, а некаде во игло, во колиби, или во шатори. Некаде луѓето се поздравуваа, се прегрнуваа и се бакнуваа со секого, а некаде се поздравуваа само со нови луѓе, а се бакнуваа и прегрнуваа само со тие што им се блиски. Беа и кај нас. Го слушнаа и нашиот јазик и ги видоа и нашите куќи.

Но, повеќе не се изненадуваа. Научија дека светот е голем, дека во него живеат луѓе кои зборуваат различни јазици, живееат во различни куќи и јадат различна храна.

Но, имаше и исти нешта. Насекаде кога беше ден имаше сонце, а кога беше ноќ – месечина. Насекаде виножитото ги имаше истите бои и сите ја имаа планетата Земја како заеднички дом.



Деца од светот во различна облека




Различни живеалишта




Различни живеалишт

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и дурги популарни танци во дводелен, троделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет). | Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет). | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот на табла го запишува поимот „Балет“. Учениците, преку „Бура на идеи“ се искажуваат за поимот балет (танцување, движење, балерина, ...). Исказите на учениците се запишуваат на табла. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се делат во два круга за да играат „Балет“.<br>Наставникот им пушта на учениците видеоснимка/аудиоснимка (https://youtu.be/53lc7pP1SY4 - Legato / Staccato Movement).<br>Учениците најпрво ја слушаат музиката, а наставникот ги поттикнува да ги искажат своите чувства. Уште еднаш ја слушаат музиката, а наставникот ги насочува да обрнат внимание на тоновите дали се поврзани или отсечни.<br>Наставникот ги поттикнува учениците да осмислат движење/кореографија при повторното слушање на композицијата, притоа да го искажат видот на музиката и карактерот на композицијата. Може да се игра играта „Музички статуи“ (наставникот ненадејно ја сопира музиката, а секој ученик останува во затекнатата положба. Музиката продолжува и учениците продолжуваат да танцуваат). (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Наставникот ги навраќа учениците на запишаните идеи за зборот „балет“, меѓу кои е и зборот „балерина“, која со своето танцувањего го изразува доживеаното од музиката. Учениците изработуваат балерини од природни и вештачки материјали. (Пример за изработка на балерина: https://www.youtube.com/shorts/4Tn2nIlpLPI.) (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Како се чувствувавме? Какви чувства буди музиката кај нас? Какви се тоновите, поврзани или отсечни? Дали движењата ги усогласивте со музиката? (Прашањата | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор);<br>табла<br>маркери<br>природни и вештачки материјали<br>картон<br>ножици<br>лепак<br> | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | Прави разлика меѓу тамбура/чифтелија и ќемане, визуелно. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот на табла запишува „Народни инструменти“. Објаснува дека народните инструменти се дел од народното музичко творештво. Учениците набројуваат народни инструменти кои ги знаат, а наставникот ги запишува на табла (Техника – Грозд).<br>Зошто се користат народните инструменти? (За свирење и како придружба кога се пеат песни или играат ора). Учениците се запознаваат со целта (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот им покажува на учениците слики на народни инструменти (тамбура/чифтелија и ќемане). Дали знаете кои народни инструменти се на сликите? Каква е формата? Колку жици има? ... Учениците одговараат на прашањата поставени од наставникот, ги опишуваат народните инструменти тамбура/чифтелија и ќемане.<br>Преку демонстрација на примери од народната музика од страна на наставникот, учениците се запознаваат со звучењето и бојата на тонот на народните инструменти тамбура/чифтелија и ќемане.<br>**тамбура/чифтелија**<br>https://www.youtube.com/watch?v=gCxphJHU5Ds- Осоговско оро, на тамбура<br>https://www.youtube.com/watch?v=45CwRE9l71A&t =18s&ab_channel=albafolk2007/- Чифтелија, изведувач на инструментот чифтелија<br>**ќемане** https://www.youtube.com/watch?v=mgyTlvE0B1A&t= 39s&ab_channel=ArhivaMakedonija-<br>Преку дискусија заедничка ги наоѓаат сличностите и разликите меѓу двата инструмента. Техника: „Венов дијаграм“ (23 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:** | Табла<br>Маркер<br>уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор);<br>блок<br>прибор за пишување, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |






resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците цртаат тамбура/чифтелија и ќемане. Додека работат слушаат музика изведена од овие инструменти. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Како се чувствувавте? Со кои инструменти се запознавте? Колку жици има тамбурата/чифтелија? Колку жици има народниот инструмент ќемане? Каков е обликот? ...<br>(Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Ноември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | Прави разлика меѓу тамбура/чифтелија и ќемане, визуелно. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот на учениците им покажува слики на народните инструменти тамбура/чифтелија и ќемане, а учениците ги препознаваат и опишуваат.<br> <br>Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот презентира аудио или видео записи од народни песни и ора од различните етнички заедници што живееат во РС Македонија во кои се употребени инструментите тамбура/чифтелија и ќемане и со учениците идентификуваат која народна песна/оро на која заедница припаѓа<br>(Наставникот врши избор на аудио или видео записи кои ќе ги користи од препорачаните композиции од наставната програма)<br>Предлог за аудио и видео записи:<br>https://www.youtube.com/watch?v=x2CZ3_f1Vy8&ab_channel=RatkoDautovski- Драган Даутовски на тамбура, фрагменти по избор на наставникот<br>https://youtu.be/2IBf98lli-k изведба на чифтелија, Doruntina Rexhepi<br>https://www.youtube.com/watch?v=6QkfDX4AwO0&ab_channel=ToshеOgnjanov- изведувач на инструментот ќемане (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците играат игра „Народни инструменти – Квиз“<br>https://nabukva.mk/vnoti/index.html (10 мин.) | слики<br>уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор); | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија:**<br>Што учевме денес? Како се чувствувавме? Какви чувства буди музиката која ја слушаме? Дали идентификувавте која народна песна/оро на која заедница припаѓа?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk